**ДО**

______________________________

# СООБРАЌАЈНО - ТЕХНИЧКО ВЕШТАЧЕЊЕ

**заа сообраќајна незгода случена на ден**
**27.04.2023 година на улица “15 ти Корпус“**

**Вешто лице за вештачење од областа на сообраќајот**

**------------------------------------------**

**Охрид,____________________    година**

**До**

_______________________________

Постапувајќи по Наредба на ______________ со која се бара да се изврши сообраќајно техничко вештачење по однос на случена сообраќајна незгода на ден 27.04.2023 година околу 13,25 часот во Охрид на улица “15 ти Корпус“ во близина на сендвичара Тренд Бургер, при што да се утврди начинот и динамиката на случување на сообраќајната незгода, движењата на учесниците во незгодата, дејствијата,брзината на движење, пропустите на возачите и други околности, вештото лице ______________________, после извршената анализа на приложената документација во списите од предметот и тоа:

- Барање за вештачење ПРК-С-574/23
- Барање за поведување на прекршочна постапка
- Записник за извршен увид на место на сообраќајна незгода бр.50
- ЦД со Фотоалбум бр.50/1
- службени белешки со број 2810, 2808,2809,
- Скица бр.50/1
- 2 Записници за испитување на алкохолисаност кај возачите
- ЦД од обезбеден видео надзор
- Записник од одржан претрес пред Основниот суд во Охрид

го дава следниот:

## 1. НАОД НА ВЕШТОТО ЛИЦЕ

Сообраќајната незгода е случена на ден 27.04.2023 година околу 13,25 часот во Охрид на улицата “15 ти Корпус“ во близина на седнвичара Тренд Бургер .

Учесници во сообраќајната незгода се:

- ПМВ марка “Вослфаген Пасат“ со регистарски ознаки со број СУ-8305 АД сопственост на лицето _________________, а управувано од лицето _____________ родена _____________ година во Струга каде и живее во с.Бицево. Ова МВ непосредно пред случувањето на незгодата и во моментот на случување на истата се движело наназад по ул.“15ти Корпус“ по сообраќајната лента наменета за застанување на возила на јавен превоз од десната страна гледано од правец на

с.Лескоец во правец од ул."7ми Ноември" во правец кон с.Лескоец и кога дошла на критичното место со заден лев дел од возилото удрила во преден лев дел од ПМВ марка "Шевролет".

- ПМВ марка "Шевролет" со регистарски ознаки со број ОХ-7779 АД сопственост на лицето ______________, а управувано од лицето _______________ родена __________ година во Струга, а живее во с.Подмоље. Ова МВ непосредно пред случувањето на незгодата и во моментот на случување на истата била запрена на ул."15ти Корпус" пред ресторан Панорама и започнала со свртување полукружно на лево, почнувајќи со движење од стојалиштето за автобуси кај ресторан Панорама кон сендвичара Тренд Бургер и кога со предниот дел од возилото дошла на сообраќајната лента за возила на јавен превоз од спротивната страна, запрела и во тој момент ПМВ марка "Вослфаген Пасат" кое се движело station наназад со заден лев дел ја удрило во предел лев дел од возилото.

Улицата "15 ти Корпус"на местото на критичното место е сообраќајница во населено место Охрид, наменета за мешовит сообраќај во двата правци, изградена од современ коловоз со асфалтна површина со ширина од 13,50 метри кој за време на незгодата и вршење на увидот е сува и чиста. Брзината на движење по целата должина на улицата е ограничена со поставени вертикални сообраќајни знаци на 40км/час. Од двете страни на улицата со ниво над коловозот изградени се тротоари, по чија должина се протегаат одвоени патеки за велосипедисти и пешаци, од кој патеката за велосипедисти од двете страни е со широчина од 1,1 метар, а патеката за пешаци од двете страни е со ширина од 1,60 метри. На критичното место коловозот е поделен на две сообраќајни ленти меѓусебно поделени со надолжна неиспрекината бела линија, од кој десната сообраќајна лента гледано во правец од ул."7ми Ноември" кон с.Лескоец е со ширина од 4,20 метри и е наменета за движење на возила во правец кон с.Лескоец, а левата сообраќајна лента гледано од истиот правец е со ширина од 3,3 метри и е наменета за сообраќај на возила од обратен правеец. На критичното место пред влезот за ресторан Панорама, на коловозот со надолжна испрекината линија со жолта боја е обележана сообраќајна лента за возила на јавен превоз и стојалиште за автобуси која е со ширина од 3,4 метри и истата гледано во правец кон с.Лескоец постепено се затвара. Од спротивната страна пред влезот за сендвичара Тренд Бургер на коловозот исто така со надолжна испрекината линија со жолта боја е обележана сообраќајна лента за возила на јавен превоз и стојалиште за Автобуси, која е со ширина од 2,60 метри и постепено се затвара во правец кој кружниот тек со ул."7ми Ноември", и ул."Железничка".

Гледано од правец на ул."7ми Ноември" во правец на с.Лескоец со задните тркала на левата сообраќајна лента, а со предните тркала на сообраќајната лента за возила на јавен превоз пред влезот за сендвичара Тренд Бургер, со предниот дел свртено кон сендвичарата се гледа запрено ПМВ марка "Шевролет" кое со задно лево тркало од ивичњакот на тротоарот од десната страна на коловозот гледано во правец кон с.Лескоец е оддалечено на 7,5 метри од истиот ивичњак. Гледано во правец од с.Лескоец кон ул."7ми Ноември" на сообраќајната лента од коловозот наменета за возила на јавен превоз, пред влезот за сендвичара тренд Бургер се гледа запрено ПМВ марка

“Вослфаген Пасат“ кое со сите четири тркала е на споменатата сообраќајна лента и со предниот дел е свртено во правец на ул.“7ми Ноември“. Оддалеченоста од предно лево тркало од ПМВ марка “Вослфаген Пасат“ до средишната надолжна неиспреината линија изнесува 3,50 метри, додека оддалеченоста од задно лево тркало до истата линија изнесува 3,3 метри. Оддалеченоста од задно лево тркало на ПМВ марка “Вослфаген Пасат“ до предно лево тркало од ПМВ марка “Шевролет“ изнесува 1,1 метар, додека оддалеченоста од задно лево тркало на ПМВ марка “Волсфаген Пасат“ до задно лево тркало на ПМВ марка “Шевролет“ изнесува 3,1 метри.

За фиксна точка е земен агол од ѕид од објектот на ресторан Панорама, при што оддалеченоста од фиксната точка до предно лево тркало од ПМВ марка “Волсфаген Пасат“ изнесува 25,4 метри, а оддалеченоста од фиксната точка до задно лево тркало од истото возило изнесува 25,6 метри. Оддалеченоста од фиксната точка до предно лево тркало на ПМВ марка “Шевролет“ изнесува 28,00 метри, а оддалеченоста од истата точка дозаднолевотркалоодистотовозилоизнесува 28,7 метри.




Сл.1 Местото на случување на незгодата гледано во насока према центар на Охрид




Сл.2 Местото на случување на незгодата гледано во насока према цело Лескоец

Како резултат на случување на сообраќајната незгода кај ПМВ марка “Вослфаген Пасат“ настанати се оштетувања на: заден браник, задно лево стоп светло и над делот над задната регистарска таблица.




Сл.3 Оштетувања кај ПМВ марка “Волсфаген Пасат“

Додека кај ПМВ марка “Шевролет“ настанати се оштетувања на: преден браник и предно лево крило.



Сл.4 Оштетувања кај ПМВ марка “Шевролет“

Како резултат на случување на незгодата не се константирани повреди кај возачите учесници во предметнава сообраќајна незгода.

Времето кога е случена сообраќајната незгода е дење, сончево а коловозот е сув и чист.

Од извршеното алкотестирање не е утврдено присуство на алкохол во крвта кај двајцата возачи учесници во предметнава сообраќајна незгода.

Од извршената анализа на ЦД од видео надзорот, се утврди дека ПМВ марка "Шевролет" пред случување на незгодата е застанато надвор од коловозот на проширувањето на десната страна гледано во насока према село Лескоец и возачот на ова МВ започнува со полукружно свртување на коловозот од улицата "15 ти Корпус" со намера движењето да го продолжи према Охрид при што возачот на ова МВ во моментот кога забележува дека ПМВ марка "Волсфаген Пасат" започнува со движење наназад застанува на коловозот на местото на случување на незгодата. Од видео надзорот се утврди дека ПМВ марка "Волсфаген Пасат" се движел по коловозот од улицата "15 ти Корпус" во насока према центар на Охрид и ова МВ застанува на самиот коловоз на местото каде што со жолти ознаки на коловозот е означено место и сообраќајна лента за движење и застанување на возила на Јавен градски превоз – автобуска постојка, после што возачот на ова МВ започнува со движење наназад по автобуската постојка при што се случува сообраќајната незгода.

## 2. АНАЛИЗА НА НЕЗГОДАТА

Со анализа на простирањето на улицата „15-ти Корпус" на местото на случување на сообраќајната незгода, правецот на движење на двете МВ непосредно пред случување на незгодата и во време на случување на истата, настанатите оштетувања кај двете МВ, крајната положба на двете МВ после случување на сообраќајната незгода, може да се заклучи дека во време на случување на сообраќајната незгода настанат е контакт помеѓу задната лева страна од ПМВ марка "Волсфаген Пасат" со предната лева страна од ПМВ марка "Шевролет".

ПМВ марка "Шевролет" пред случување на незгодата е застанато надвор од коловоз на десната страна гледано во насока према село Лескоец на асвалтното проширување кое всушност е автобуска постојка за јавен градски превоз за возилата што се движат во насока према село Лескоец, после што ова МВ започнува со дејствие на тргнување и полукружно свртување и во моментот кога го врши ова дејствие и предметното МВ навлегува со предниот дел од возилото на автобуската постојка, возачот од ова МВ го застанува истото од причина што забележува дека по автобуската постојка започнува со движење наназад ПМВ марка "Волсфаген Пасат". Непосредно пред случување на сообраќајната незгода ПМВ марка "Волсфаген Пасат" се движи по десната

страна од улицата “15 ти Корпус“ од насока према центар на Охрид и ова МВ застанува на автобуската постојка после што по кратко време започнува со движење наназад со нешто поголема брзина на движење од вообичаена брзина на движење при возење наназад.

Од списите во предметот согласно исказот даден на лице место од страна на возачот на ПМВ марка “Волсфаген Пасат“ и неговиот исказ даден на јавна расправа во Основниот суд во Охрид, истиот изјавува дека со возилото се движел во насока према Охрид и дека со возилото застанал на местото на судар поради присуство на други возила што се движеле пред него и во моментот кога застанал од позади осетила удар од ПМВ марка “Шевролет“. Возачот на ПМВ марка “Шевролет“ согласноисказотдаденналицеместои неговиот исказ даден на јавна расправа во Основниот суд во Охрид, истиот изјавува дека при вршење на дејствие на полукружно свртување забележал дека ПМВ марка “Волсфаген Пасат“ започнало со движење наназад со поголема брзина при што со возилото застанал на место на судар. Неспорно е дека исказот на возачот на ПМВ марка “Волсфаген Пасат“ не соодејствува со фактичката состојба на неговото движење во време на случување на сообраќјната незгода согласно видео записот.

После настанатиот судар а како резултат на дејствувањето на сударната сила и дејствувањето на влечните сили, двете МВ завршуваат во крајната положба после случување на сообраќајната незгода.

Во време на случување на сообраќајната незгода ПМВ марка “Шевролет“ има скоро попречна положба во однос на простирањето на коловозот на улицата “15 ти Корпус“ положба која ова МВ ја има и после случување на сообраќајната незгода. Во време на случување на сообраќајната незгода ПМВ марка “Волсфаген Пасат“ има скоро паралелна положба во однос на простирањето на коловозот од улицата “15 ти Корпус“ е во движење наназад по автобуската постојка.

Местото на случување на сообраќајната незгода и настанатиот контакт помеѓу ПМВ марка “Шевролет“ и ПМВ марка “Волсфаген Пасат“ се наоѓа на местото каде што во крајната положба после случување на сообраќајната незгода се наоѓаат деловите од двете МВ кои помеѓу себе контактирале односно на крајната десна сообраќајна лента од улицата “15 ти Корпус“ гледано во насока према Охрид која сообраќајна лента со жолто ознаки на коловоз е наменета како автобуска постојка.

Во време на случување на сообраќајната незгода неспорно е дека ПМВ марка “Шевролет“ е целосно застанато на коловоз а непосредно пред случување на сообраќајната незгода ова МВ се движело со брзина на движење од околу 12 км/час и вршело дејствие на полукружно свртување во лево на самиот коловоз од улицата “15 ти Корпус“.

Со анализа на настанатите оштетувања и анализа на видео материјалот неспорно е дека брзината на движење на ПМВ марка “Волсфаген Пасат“ во моментот на случување на сообраќајната незгода изнесува во границите од 15 до 20 км/час односно средна брзина на движење од 17,5 км/час.

Неспорно е дека во конкретниот случај возачите од двете моторни возила истите ги управувале во спротивност со сообраќајните правила и прописи, возачот на ПМВ марка “Шевролет“ вршел дејствие на полукружно свртување на место каде што не смеел да врши такво дејствие при што возачот на ова МВ не ја почитувал поставената хоризонтална сигнализација и со возилото пеминал преку полна надолжна линија и со предниот дел од возилото навлегол на автобуската постојка која исклучиво е наменета за движење и застанување на возила за јавен градски превоз, додека возачот на ПМВ марка “Волсфаген Пасат“ со возилото навлегол на автобуската постојка со движење нанапред, после што застанува и започнува со движење наназад без да се увери дека таквото дејствие може да го направи без опасност за другите учесници во сообраќајот без водење на сметка за положбата на возилото, правецот на движење и брзината на движење при што со задниот лев дел од возилото остварува директен судар со предниот лев дел од ПМВ марка “Шевролет“.

Согласно сообраќајните правила и прописи, возачите од двете МВ учесници во сообраќајната незгода се должни кога се движат на коловоз да ги почитуваат сообраќајните правила и прописи и да превземаат дејствија согласно сообраќајните правила и прописи.Возачот на ПМВ марка “Шевролет“ не смеел на тоа место да врши десјтвие на полукружно свртување и да поминува со возилото преку полна надолжна линија и да навлегува на автобуска постојка, бил должен со возилото да го продолжи движењето во насока према село Лескоец и на место каде што нема да преставува опасност за другите учесници во сообраќајот а каде има спореден пат да застане да се предвижи наназад и да навлезе во десно на споредниот пат а потоа со свртување во лево да се приклучи со возилото на улицата “15 ти Корпус“ во насока према центар на Охрид. Возачот на ПМВ марка “Волсфаген Пасат“ не смеел со возилото со движење нанапред да навлегува на автобуската постојка и на истата да застане и да започне со дејствие на движење наназад без да се увери дека таквото дејствие може да го направи без опасност за другите учесници во сообраќајот без водење на сметка за положбата на возилото, правецот на движење и брзината на движење. Бил должен додека се движи нанапред да продолжи со движење по сообраќајната лента која била наменета за негово движење и на тоа место не смеел да застанува и да врши дејствие на движење наназад.

Доколку во конкретната сообраќајна ситоација возачите од ПМВ марка “Шевролет“ и ПМВ марка “Волсфаген Пасат“ постапеле во согласност со сообраќајните правила и прописи до случување на сообраќајната незгода немало да дојде.

Неспорна е околноста дека ПМВ марка “Волсфаген Пасат“ при движење наназад се движело со нешто поголема брзина на движење од брзина со која ова МВ би се движело во нормално околности наназад.

Во конкретната сообраќајна ситоација неспорна е околноста дека возачите од ПМВ марка “Шевролет“ и ПМВ марка “Волсфаген Пасат“ со

превземените дејствија,постапиле во спротивност со сообраќајните правила и прописи.

На мислење сум дека причина за случување на сообраќајната незгода е движењето на двете МВ и тоа ПМВ марка “Шевролет“ и ПМВ марка “Волсфаген Пасат“ спротивно на сообраќајните правила и прописи.

Согласно свешто е погоре изнесено го давам следното:

## 3. МИСЛЕЊЕ НА ВЕШТОТО ЛИЦЕ

Во време на случување на сообраќајната незгода настанат е контакт помеѓу задната лева страна одПМВ марка “Волсфаген Пасат“ со предната лева страна од ПМВ марка “Шевролет“.

Пред случување на сообраќајната незгода ПМВ марка “Шевролет“ е застанато надвор од коловоз на десната страна гледано во насока према село Лескоец на автобуска постојка за јавен градски превоз за возилата што се движат во насока према село Лескоец, после што ова МВ започнува со дејствие на тргнување и полукружно свртување и во моментот кога го врши ова дејствие и предметното МВ навлегува на автобуската постојка, возачот од ова МВ го застанува истото од причина што забележува дека по автобуската постојка започнува со движење наназад ПМВ марка “Волсфаген Пасат“.ПМВ марка “Волсфаген Пасат“ непосредно пред случување на сообраќајната незгода се движи по десната страна од улицата “15 ти Корпус“ во насока према центар на Охрид и ова МВ застанува на автобуската постојка после што по кратко време започнува со движење наназад со нешто поголема брзина на движење од вообичаена брзина на движење при возење наназад.

После настанатиот судар двете МВ завршуваат во крајната положба после случување на сообраќајната незгода.

Во време на случување на сообраќајната незгода ПМВ марка “Шевролет“ има скоро попречна положба во однос на простирањето на коловозот на улицата “15 ти Корпус“ положба која ова МВ ја има и после случување на сообраќајната незгода. Во време на случување на сообраќајната незгода ПМВ марка “Волсфаген Пасат“ има скоро паралелна положба во однос на простирањето на коловозот од улицата “15 ти Корпус“ е во движење наанзад по автобуската постојка.

Местото на случување на сообраќајната незгода и настанатиот контакт помеѓу ПМВ марка “Шевролет“ и ПМВ марка “Волсфаген Пасат“ се наоѓа на местото каде што во крајната положба после случување на сообраќајната незгода се наоѓаат деловите од двете МВ кои помеѓу себе контактирале односно на крајната десна сообраќајна лента од улицата “15 ти Корпус“ гледано во насока према Охрид која сообраќајна лента со жолто ознаки на коловоз е наменета како автобуска постојка.

ПМВ марка "Шевролет" во време на случување на сообраќајната незгода е целосно застанато на коловоз а непосредно пред случување на сообраќајната незгода ова МВ се движело со брзина на движење од околу 12 км/час и вршело дејствие на полукружно свртување во лево на самиот коловоз од улицата "15 ти Корпус".

Брзината на движење на ПМВ марка "Волсфаген Пасат" во моментот на случување на сообраќајната незгода се движи во границите од 15 до 20 км/час односно средна брзина на движење од 17,5 км/час.

Во конкретниот случај возачите од двете моторни возила ги управувале возилата во спротивност со сообраќајните правила и прописи, возачот на ПМВ марка "Шевролет" вршел дејствие на полукружно свртување на место каде што не смеел да врши такво дејствие при што возачот на ова МВ не ја почитувал поставената хоризонтална сигнализација и со возилото преминал преку полна надолжна линија и со предниот дел од возилото навлегол на автобуската постојка која исклучиво е наменета за движење и застанување на возила за јавен градски превоз, додека возачот на ПМВ марка "Волсфаген Пасат" со возилото навлегол на автобуската постојка со движење нанапред, после што застанува и започнува со движење наназад  без да се увери дека таквото дејствие може да го направи без опасност за другите учесници во сообраќајот без водење на сметка за положбата на возилото, правецот на движење и брзината на движење при што со задниот лев дел од возилото остварува директен судар со предниот лев дел од ПМВ марка "Шевролет".

Согласно сообраќајните правила и прописи возачите од двете МВ учесници во сообраќајната незгода се должни кога се движат на коловоз да ги почитуваат сообраќајните правила и прописи и да превземаат дејствија согласно сообраќајните правила и прописи. Возачот на ПМВ марка "Шевролет" не смеел на тоа место да врши десјтвие на полукружно свртување и да поминува со возилото преку полна надолжна линија и да навлегува на автобуска постојка. Возачот на ПМВ марка "Волсфаген Пасат" не смеел со возилото со движење нанапред да навлегува на автобуската постојка и на истата да застане и да започне со дејствие на движење наназад без да се увери дека таквото дејствие може да го направи без опасност за другите учесници во сообраќајот без водење на сметка за положбата на возилото, правецот на движење и брзината на движење.

Доколку во конкретната сообраќајна ситоација возачите од ПМВ марка "Шевролет" и ПМВ марка "Волсфаген Пасат" постапеле во согласност со сообраќајните правила и прописи, до случување на сообраќајната незгода немало да дојде.

ПМВ марка "Волсфаген Пасат" при движење наназад се движело со нешто поголема брзина на движење од брзина со која ова МВ би се движело во нормално околности наназад. Истиот при движење наназад бил должен да се движи со усогласена брзина на движење согласно условите на патот.

Возачите од ПМВ марка “Шевролет“ и ПМВ марка “Волсфаген Пасат“ со превземените дејствија,постапиле во спротивност со сообраќајните правила и прописи.

На мислење сум дека причина за случување на сообраќајната незгода е движењето на двете МВ и тоа ПМВ марка “Шевролет“ и ПМВ марка “Волсфаген Пасат“ спротивно на сообраќајните правила и прописи.

Во Охрид вешто лице